ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
Број: 07-4024/2
До: ЈЗУ
Дата: 07.03.2012

**Предмет** : Дополнување на допис Известување за правилна примена на референтни цени на здравствени услуги од микробиологија (брисеви) со број 07-4024/1 од 28.02.2012 година.

Почитувани,

За да се обезбеди правилно толкување и примена на референтните цени и на партиципацијата на здравствените услуги од микробиологија (брисеви) од Ваша страна, Фондот за здравствено осигурување на Македонија Ве информира и задолжува за следново:

1. Со Измената и дополната на одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите (Службен весник број 20/2012), осигуреното лице учествува во вкупните трошоци на здравствените услуги, согласно со утврдените референтни цени **за лабораториски услуги - биохемиски и микробиолошки анализи - со 20% од утврдената референтна цена.**

Оваа одредба се однесува на лабораториските услуги од Ценовникот на Фондот, за групите:
- биохемиски анализи со шифри БА и
- микробиолошки анализи - за респираторен систем со шифри РС; око и усна шуплина со шифри ОУ; дигестивен систем со шифри ДС урогенитален систем со шифри УС и останати анализи со шифри ОА.

2. Образложението во дадените примери за брис од уво, нос, грло и јазик во дописот број 07-4024/1 од 28.04.2012 (во прилог) се однесува и на сите останати видови на брисеви за кои ФЗОМ има цена, односно

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

примерите за РС1 и РС2 се однесуваат и за сите останати анализи - брисеви наведени подолу во табелата. Соодветно, услугите од ценовникот наведени во табелата **ја вклучуваат и услугата антибиограм** доколку истата е извршена:

| Шифра | Микробиолошки анализи | Референтна цена |
|---|---|---|
| РС1 | Брис од грло, брис од нос, брис од јазик,брис од усна шуплина | 550 |
| РС3 | Култура на бронхиален аспират; култура на спутум | 900 |
| ОУ1 | Брис од конуктива; брис од очи | 900 |
| ОУ3 | Брис од ангулус на усна шуплина | 550 |
| ДС1 | Култура на гастричен аспират, копрокултурастандардна, ректарен брис | 600 |
| УС1 | Брис од вагина | 900 |
| УС2 | Брис од цервикс | 650 |
| УС3 | Брис од вулва | 550 |
| УС5 | Уритрален брис | 650 |
| УС6 | Спермокултура | 900 |
| УС8 | Уринокултура | 500 |
| ОА1 | Брис од дојка, брис од кожа | 550 |
| ОА3 | Култура на ексудат, брис на рана, култура на пунктат, брис од тубус | 900 |
| ОА5 | Брис од тубус | 900 |
| ОА11 | Хемокултура аеробна | 900 |
| ОА13 | Хемокултура анаеробна | 1400 |
| ОА15 | Микробиолошки преглед на ликвор | 900 |

Како примери за правилна примена на референтните цени и правилно пресметување на партиципација одделуваме од Прегледот, неколку примери од две различни групи на микробиолошки анализи РС3 и ОА3.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Бактериолошките анализи искажани со шифрата РС3

А. Бактериолошките анализи искажани со шифрата РС3 (Култура на бронхиален аспират; култура на спутум) се анализи кои се фактурираат посебно, односно анализа на секој брис од наведените се фактурира по утврдената референтна **цена од 900 денари. Во вредноста на поединечниот брис е вклучена и вредноста на антибиограмот доколку истиот е позитивен.**

Со примена на измената на Одлуката за партиципација од 1 март 2012 година, за оваа услуга осигуреникот учествува со сопствени средства во износ од 20% од референтната цена, односно **за поединечен брис (со или без антибиограм) од 900 денари партиципацијата изнесува 180 денари.**

Пример 1:

Кога на осигуреното му се прави бактериолошка анализа на **еден брис** (било кој од наведените под шифра РС3), **со или без антибиограм**, здравствената установа ја фактурира оваа услуга со шифра РС3 со референтна цена од **900** денари:

- Култура на бронхиален аспират со антибиограм се евидентира во пресметката за пациентот како РС3 по референтна цена 900 денари, вкупна партиципација која што треба да му се наплати на осигуреникот изнесува 180 денари, а до Фондот се фактурира 720 денари.

- Култура на бронхиален аспират без антибиограм се евидентира исто така со истата шифра РС3 и со истата референтна цена од 900 денари, вкупна партиципација која што треба да му се наплати на осигуреникот изнесува 180 денари, а до Фондот се фактурира 720 денари.

Пример 2:

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во случај кога истовремено со упатот се бара да се направат **два бриса** (Култура на бронхиален аспират; култура на спутум) опфатени во групата РС3 со поединечна референтна цена од **900** денари, се евидентираат одделно двата бриса:

- Култура на бронхиален аспират и култура на спутум се фактурираат пооделно во пресметката и тоа,

- РС3 – Култура на бронхиален аспират - 900 денари
- РС3 – Култура на спутум - 900 денари

| | |
|---|---|
| Вкупно | 1.800 денари |
| Партиципација 20% | 360 денари |
| Фактура до Фондот | 1.440 денари |

На овој начин се евидентираат и двете анализи без разлика дали се со или без антибиограми, бидејќи утврдената цена е упросечена со вклучените антибиограми според процентот на потребата од антибиограм во вкупните случаи од овој вид што реално се остваруваат.

**Бактериолошките анализи искажани со шифрата ОА3**

Б. Бактериолошките анализи искажани со шифрата ОА3 (Култура на ексудат, брис на рана, култура на пунктат, брис од тубус) се анализи кои се фактурираат посебно, односно анализа на секој брис од наведените се фактурира по утврдената цена референтна **цена од 900 денари. Во вредноста на поединечниот брис е вклучена и вредноста на антибиограмот доколку истиот е позитивен.**

Со примена на измената на Одлуката за партиципација од 1 март 2012 година, за оваа услуга осигуреникот учествува со сопствени средства во износ од 20% од референтната цена, односно **за поединечен брис (со или без антибиограм) од 900 денари партиципацијата изнесува 180 денари.**

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Пример 1:**

Кога на осигуреното му се прави бактериолошка анализа на **еден брис** (било кој од наведените под шифра ОА3), **со или без антибиограм**, здравствената установа ја фактурира оваа услуга со шифра ОА3 со референтна цена од **900** денари:

- Култура на ексудат со антибиограм се евидентира во пресметката за пациентот како ОА3 по референтна цена 900 денари, вкупна партиципација којашто треба да му се наплати на осигуреникот изнесува 180 денари, а до Фондот се фактурира 720 денари.

- Култура на ексудат без антибиограм се евидентира исто така со истата шифра ОА3 и со истата референтна цена од 900 денари, вкупна партиципација којашто треба да му се наплати на осигуреникот изнесува 180 денари, а до Фондот се фактурира 720 денари.

**Пример 2:**

Во случај кога истовремено со упатот се бара да се направат **два бриса** (Култура на ексудат и брис на рана) опфатени во групата ОА3 со поединечна референтна цена од **900** денари, се евидентираат одделно двата бриса:

- Култура на бронхиален аспират и култура на спутум се фактурираат пооделно во пресметката и тоа,

| | |
|---|---|
| - ОА3 – култура на ексудат | - 900 денари |
| - ОА3 – брис на рана | - 900 денари |
| Вкупно | 1.800 денари |
| Партиципација 20% | 360 денари |
| Фактура до Фондот | 1.440 денари |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

На овој начин се евидентираат и двете анализи без разлика дали се со или без антибиограми, бидејќи утврдената цена е упросечена со вклучените антибиограми според процентот на потребата од антибиограм во вкупните случаи од овој вид што реално се остваруваат.

Истиот начин на пресметка се употребува и за **три бриса** опфатени во групата ОА3 со референтна цена од 900 денари. Во овој случај се евидентираат трите бриса со вкупна вредност од 2,700 денари, партиципација изнесува 540 денари, а фактурата до Фондот изнесува 2,160 денари.

*** Сите останати извршени бактериолошки анализи опфатени со наведениот преглед се фактурираат на истиот начин, соодветно како што е искажано во посочените примери**.

Доколку се прават **сите** наведени здравствени услуги опфатени во називот на услугата ОА4, само во тој случај се фактурира износот од 2.200 денари со партиципација од 440 денари.

3. Во групата на анализи ОА постои посебна референтна цена IMULITE со шифра ОА28 и со референтна цена од 2000 денари, Оваа услуга во Ценовникот од 2008 година е останата како вид на испитување според видот на апаратот, а не според видот на анализите кои се извршуваат.

Исто така, **во ценовникот на здравствени услуги постојат и поединечни услуги на серолошките испитувања со утврдени референтни цени за секое поединечно испитување, наведени во поглавјето за вирусологија**, кои се од типот на испитувања кои се вршат со овој вид апарат. **За овој вид испитувања партиципацијата се утврдува според Одлуката односно 20% од референтната цена.**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | ВИРУСОЛОГИЈА | Референтна цена |
|---|---|---|
| ВИ11 | CMV IgM/IgG | 1.000 |
| ВИ12 | RUB IgM IgG | 1.000 |
| ВИ13 | TOXO IgM/IgG | 850 |
| ВИ14 | Morb IgM/IgG | 1.000 |
| ВИ15 | HSV IgM/IgG | 1.000 |
| ВИ16 | EBV IgM/IgG | 1.000 |
| ВИ17 | VZV IgM/IgG | 1.000 |
| ВИ18 | Lyme IgM/IgG | 1.000 |

Според тоа, имајќи го предвид погоре искажаното, **доколку се изработуваат серолошки испитувања за соодветни микроорганизми, наместо услугата ОА28 IMULITE до Фондот треба да се фактурира услуга со соодветната шифра за серолошката анализа за секој микроорганизам поединечно, а партиципацијата да се наплатува согласно Одлуката од 20% од референтната цена.**

На пример, ако се прави серолошка анализа за CMV IgM/IgG се фактурира само услугата со шифра ВИ11 со референтна цена од 1.000 денари. Партиципацијата за овој вид услуга е во износ од 200 денари.

Доколку се прават повеќе од една серолошка анализа од овој вид се фактурира посебно секоја од нив според утврдената референтна цена и во пресметката се наведуваат сите поединечни серолошки испитувања поединечно и со вкупна вредност. Партиципацијата се утврдува во висина од 20% на вкупната вредност на пресметката од повеќето анализи, кои согласно медицина базирана на докази и упатот, се направени.

**Пример за повеќе испитувања со еден упат:**

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во случај кога истовремено со упатот се бара да се направат **две испитувања** (ВИ11 -CMV IgM/IgG и ВИ12-RUB IgM IgG) опфатени во групата Вирусологија со поединечна **референтна цена од 1.000** денари, се евидентираат одделно двете испитувања:

- ВИ11 -CMV IgM/IgG и ВИ12-RUB IgM IgG се фактурираат пооделно во пресметката и тоа,

| | |
|---|---|
| - ВИ11 -CMV IgM/IgG | - 1.000 денари |
| - ВИ12-RUB IgM IgG | - 1.000 денари |
| Вкупно | 2.000 денари |
| Партиципација | 400 денари |
| Фактура до Фондот | 1.600 денари |

Истиот начин на пресметка се употребува и за **три и повеќе испитувања** со утврдената референтна цена за секоја од нив. Во овој случај се евидентираат сите поединечни испитувања со вкупна вредност како збир од референтните цени на поединечните испитувања во таа пресметка, а партиципација се утврдува во висина од 20% од вкупната вредност на пресметката за осигуреното лице со еден упат.

Доколку на пресметката за еден пациент има анализи со **комбиниран начин на пресметување на партиципација** според Одлуката, односно за еден вид на анализи партиципацијата изнесува 20% од референтната цена а за друг вид анализи според одлуката партиципацијата се пресметува по скала, во тој случај ЗУ **за сите услуги** во пресметката за пациентот, ја пресметува **партиципацијата по скала.**

Фондот веќе превземе иницијатива по однос на ова прашање така што Одлуката за партиципација ќе претрпи измени (20% партиципација **само** за дел од биохемиските анализи).Оваа измена во најкраток рок ќе биде објавена во Службен весник и сите здравствени установи ќе бидат навремено известени.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Со почит,

**Директор на сектор за финансиски прашања**
**М-р Татјана Лукановска**

Копија до: Подрачни служби на ФЗОМ (со задолжување да ги известат сите ПЗУ), сектор за финансиски прашања, одделение за финансиска контрола, сектор контрола при ФЗОМ

Изготвил: Марија Петреска
Петко Исјановски
Наташа Велкова
Жаклина Крстевска
Одобрил: Бранислава Катушевска
Снежана Бузалкова Китанчева